# МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Соопштение
Скопје, 07.05.2014 година

## КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПОВТОРНО УТВРДИ ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ПО ОСНОВ СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА

Комисијата за заштита од дискриминација во своето мислење по поднесената претставка против учебниците Медицинска Психологија и Психијатрија том 1 и том 2, утврди дека постои вознемирување по основ на сексуална ориентација. Претставката е пратена од организациите на Мрежата за заштита од дискриминација*, која работи на тестирање на имплементацијата на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Се работи за три учебници кои се користат во високото образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како психолошко-психијатриска стручна литература за студентите по медицина, психологија и други сродни студии. Учебниците содржат хомофобична содржина која хомосексуалноста ја претставува како ментално растројство, инверзија на сексуалниот нагон, се дефинира *„нормална сексуална активност"* како сексуална активност на лица од различни полови итн. Во Медицинската Психологија дури е напишано: *"Во Кривичниот закон на Македонија се уште егзистира и е казнив противправниот блуд меѓу машките лица"*, иако учебникот е издаден 2004 година, а хомосексуалноста е декриминализирана со Кривичниот закон од 1996 година.

Во современата научна мисла под сексуална ориентација се признати хомосексуалноста, хетеросексуалноста и бисексуалноста (додека во повеќе научни трудови се зборува и за асексуалноста). Меѓународна статистичка класификација на болести и здравствени проблеми на Светската здравствена организација (МКБ-10 ревизија), како и Дијагностички и статистички прирачник на ментални растројства (ДСМ IV- ТР), како најрелевантни извори ја имаат исфрлено сексуалната ориентација како ментално растројство уште во 1987 година, со што во МКБ-10 ревизија пишува дека *"Сексуалната ориентација, сама по себе, не треба да се смета за растројство."*

Комисијата дава препорака да се отстранат и исфрлат од употреба посочените делови од учебниците, додека во образложението наведува дека во своите изјаснувања повеќето од авторите на учебниците се извинуваат за настанатите грешки во посочениот текст.

Ја поздравуваме одлуката на Комисијата, како и извинувањата на авторите. Се надеваме дека Комисијата ќе утврди дискриминација по основ на сексуална ориентација и родов идентитет и во останатите учебници со слична содржина. Сакаме да посочиме дека не е доволно да се отстрани хомофобичната содржина, туку е потребно истата да се замени со содржина согласно современата научна мисла. Игнорирањето на хомосексуалноста во стручна литература во која се зборува за сексуалноста е исто така проекција на хомофобичен став, бидејќи со тоа не се признава постоењето на ЛГБТИ заедницата.

Мрежата за заштита од дискриминација има за цел да развива стратегиско застапување во случаи на дискриминација преку поднесување предмети пред Комисијата за заштита од дискриминација и пред домашните и меѓународните судови. Развојот на домашната практика е поттикната преку обезбедување бесплатна правна помош во стратегиски случаи на дискриминација. Мрежата беше воспоставена во декември 2010 од страна на следните организации: Фондација отворено општество – Македонија; Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА); ХОПС - Опции за здрав живот; Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија (ЕСЕ); Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С. - Прилеп; Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" и Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

Х. Е. Р. А.

ХОПС ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Ромска Организација за Мултикултурна Афирмација РОМА С.О.С. - Прилеп

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници"

ЕСЕ

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ** • Драгана Дрндаревска, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" • ++ 389 23 214 269 • ++389 78 200 675